РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА РЕПУБЛИКА Е МАЌЕДОНИЈЕ СË ВЕРИУТ
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Бр.-Nr. 08 - 305/7

15. 07. 2026 год.-viti

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 64 седница одржана на 12.06.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за акредитација на студиската програма „Мехатроника", прв циклус на академски студии - додипломски студии (180 ЕКТС) на Факултет за технички науки при Универзитет „Мајка Тереза" - Скопје

1.Се акредитира студиската програма „Мехатроника", прв циклус на академски студии - додипломски студии (180 ЕКТС), на Факултет за технички науки при Универзитет „Мајка Тереза" - Скопје согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2.Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и со академски назив: Дипломиран инженер по мехатроника / во меѓународен промет, академски назив: Bachelor degree in Mechatronica.
Научно – истражувачко подрачје: 2 Инженерство и технологија; Научно – истражувачко поле: 2.11.11 Мехатроника, Научно – истражувачка област: 2.11.11.01, 2.11.11.02, 2.11.11.03, 2.11.11.04, 2.11.11.05, 2.11.11.06, 2.11.11.07, 2.11.11.08, 2.11.11.09, 2.11.11.10.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 30 студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

По претходно донесената Одлука бр. 02-66/3 од 29.01.2026 година од страна на Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Мехатроника", прв циклус на академски студии - додипломски студии (180 ЕКТС), на Факултет за технички науки при Универзитет „Мајка Тереза" - Скопје до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.08-127/1 од 29.01.2026 година (наш бр. 08–305/1 од 30.01.2026 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 49-та седницата одржана на 13.02.2026 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08-305/6 од 16.06.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024). Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 64-та седница одржана на 12.06.2026 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Зоран Марков